**ЗАПИСНИК**
**од 1-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги одржана на 13.01.2020 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, Зоран Фиданоски, Лазар Трајчев, м-р Алма Машовиќ, д-р Методија Јанчески.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Селвер Ајдини (оправдано отсутен, годишен одмор).

**На седницата не беше присутен д-р Зоран Трајчевски директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (годишен одмор).**

**На седницата директорот го заменуваше раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска, со овластување бр.03-5156/1 од 26.11.2019 година.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска, д-р Ивана Стојановска.

**Други присутни: /**

Г-дин Петрушевски ја отвори 1-та-та Јавна седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 15:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски информира дека на седницата ќе биде отсутен г-дин Ајдини бидејќи е на годишен одмор. Исто така објасни дека поради користење на денови од годишен одмор ќе биде отсутен и директорот на Агенцијата г-дин Трајчевски, а на седницата ќе го заменува раководителката на Секторот за поддршка на работата на директорот и на Советот м-р Драгица Љубевска.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за“ го усвои следниот:

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Образложение од Трговското радиодифузно друштво ТВ КИСС, Злате ДООЕЛ Тетово во врска со постапката за бришење од регистарот на радиодифузери.
2. Разно.

**Точка 1**

Г-дин Петрушевски во врска со оваа точка објасни дека во најголем број случаи на Јавните седници како и сега, нема присутни претставници од страна на

радиодифузерот така што не гледа потреба од отворање дискусија и ја затвори седницата.

**Точка 2**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр. 02-181/2**
**15.01 2020 година**
**С к о п ј е**

**Агенција за аудио и**
**аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**